# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 06.05.2009 година

**Заклучоци и препораки од 15.седница на НСП**
одржана на ден 10.04.2009 година

1. **Усвојување на записникот од 14.седница на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.**

Советот го усвои записникот од 14.седница на НСП.

2. **Разгледување на извештаите на Работните Групи за имплементација на Стратегијата за развој на платниот систем до 2011 година.**

Советот ги прифати Предлог Заклучоците и препораките по вторите извештаи на Работните Групи за имплементација на Стратегијата за развој на платниот систем до 2011 година, дадени во **Прилог 1** кој е составен дел на Заклучоците и препораките на 15.седница на НСП.

Советот прпепорача активно вклучување на членовите на НСП во работата на РГ согласно надлежностите на институциите кои ги претставуваат и доколку имаат конкретни согледувања или предлози во однос на Извештаите на РГ или темата на нивната работа, тоа да го спроведат преку членовите на РГ кои потекнуваат од нивните институции или преку координаторите, како би се постигнала поефикасна работа на седниците на НСП со оглед дека се работи за многу широк опсег на теми.

Советот ја прифати иницијативата на Дирекцијата за платни системи при НБРМ со кое се предвидува активно учество на КИБС АД Скопје во имплементацијата на инструментот за директно задолжување преку ротација на координаторите на работните групи, имено координаторот на РГ за електронски кредитни трансфери се именува за кординатор на РГ за електронски директни задолжувања, а кординаторот на РГ за електронски директни задолжувања се именува за координатор за електронски кредитни трансфери. Како резултат на промената, се задолжува КИБС АД Скопје да номинира нов член кој ќе учествува во РГ за електронски кредитни трансфери.

3. **Ажурирање на матрицата за следење на имплементацијата на Стратегијата.**

Советот ја прифати ажурираната матрица за следење на имплементацијата на Стратегијата со препорака Министерсвото за финансии да достави текст за колоните "статус" и "краток опис".

**Народна банка на Република Македонија**
Комплекс банки б.б., 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-282
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3122-109
**www.nbrm.gov.mk**

4. **Информација за престојниот семинар со наслов "Втора конференција на финансискиот сектор во Македонија за платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност", 29 јуни-01 јули, Охрид**

Советот ја усвои информацијата за превземените активности во рамки на техничката соработка помеѓу Народна банка на Република Македонија и Централната банка на Холандија за успешна организација на семинарот. Советот ја усвои програмата на семинарот и препорача во презентациите да се вклучи и темата за електронска трговија.

Емилија Нацевска, с.р.
Вицегувернер
Претседател на
Националниот Совет за Платни Системи